Совет на Општина Делчево
Број 09-1195 /2
01.07.2019 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 26.седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 08.06.2019 година (понеделник), во Мултифункционалниот центар во АСНОМ, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Кирил Тренчевски
7. Ванчо Велиновски
8. Славица Димитрова
9. Сашко Јовановски
10. Дијана Јосифовски
11. Билјана Ѓеоргиевска
12. Кристи Стојковски
13. Вице Стоиловски
14. Катица Трајкова Тасева

Оправдано отсутен беше Николчо Ситновски.
Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски, претседател на Советот на Општина Делчево.

За 26.седница на Советот на Општина Делчево тој го предложи следниот

**Дневен ред**

-Усвојување на Записникот од 25.седница

1. Предлог-Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2019 година;

**Образлагач:** Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансиски прашања.

2. Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево;

**Образлагач:** Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

3. Предлог-Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови“ -Делчево;

4. Предлог-Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

**Образлагач:** Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

5. Предлог-Одлука за давање согласност на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за формирање на

паралелки со помал број на ученици.

Образлагач: Љупчо Прачкоски-Директор на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево.

6. Предлог-Одлука за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за формирање паралелки со мпомал број на ученици;
7. Предлог-Одлука за давање согласнот на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за расходување и прпдажба на отпаден материјал;

Образлагач: Горан Велков, Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.

8. Предлог-Одлука за поддршка и ко-финасирање на проектот: "Изградба на придружни и услужни објекти на гробишта мртовечница-КАПЕЛА“ со ладилник и помошни простории“ во Делчево, општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност

Образлагач: Тони Стоименовски-Советник за Локален економски развој.

9. Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за изградба и усогласување на градска магистрална улица „Булевар Македонија“ во ГУП Делчево, Општина Делчево;
10. Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за изградба и усогласување на профилот на собирна улица (Новопланирана 2) во ГУП Делчево, општина Делчево;
11. Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за новопроектиран водоснабдителен систем во с.Звегор-општина Делчево;

Образлагач:Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

12. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за уредување на превозот во патниот сообраќај на подрачјето на општина Делчево;

Образлагач: Николина Петровска Мавродиева-Виш соработник за сообраќај и патишта.

13. Предлог-Одлука за определување на просторија за условите за склучување брак и услови за користење на истата;
14. Прашања и предлози.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

За збор се јави Владимир Мерзликин-Секретар на Општина Делчево кој рече дека од страна на градоначалникот до членовите на Советот за денешната седница е доставена точка на дневен ред-Предлог-Одлука за определување на просторија за условите за склучување брак и услови за користење на истата. Бидејќи моментално градоначалникот на Општина Делчево не е присутен и од причини што се потребни дополнителни консултации во врска со оваа одлука, побара истата да биде повлечена од дневен ред за некоја наредна седница.

Претседателот на Советот рече дека според него, овој предлог треба да се поддржи бидејќи треба да се донесе одлука која ќе биде најдобро решение за сите.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, тој ја затвори расправата по предложениот дневен ред и го стави на гласање Дневниот ред за 26.седница со предлогот за повлекување на точка 13. Предлог-

Одлука за определување на просторија за условите за склучување брак и услови за користење на истата.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Оопштина Делчево го усвои невниот ред за 26.седница со предлогот за повлекување на точка 13. Предлог-Одлука за определување на просторија за условите за склучување брак и услови за користење на истата.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 25.седница на Советот.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и Записникот ставен на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Оопштина Делчево го усвои Записникот од 25.седница на Советот на Општина Делчево.

**Прва точка-Предлог-Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2019 година;**

Образлагач по оваа точка беше Шабан Багашов-Раководител на Сектор за финансиски прашања кој истакна дека на предлог на Градоначалникот на општина Делчево, а согласно Препораката на Владата на РСМ, се предлага да се избрише членот 13 од Одлуката за извршување на Буџет за 2019 кој се однесува на надоместокот за патни трошоци (дневници).

Претседателот отвори расправа по оваа точка, а за збор се јави Билјана Ѓоршиевска која праша зошто да се укине надоместокот за патни и дневни трошоци, која е причината или целта?

Шабан багашов рече дека со овој предлог Градоначалникот сака да ги редуцира непродуктивните трошоци и да заштеди средства кои ќе бидат наменети за други цели.

Сашко Ивановски праша дали членовите на Советот имаат право да го укинат овој надоместок и дали не е спротивно на законот?

Ш.Багашов рече дека тоа не се коси со законот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2019 година;

**Втора точка-Предлог-Одлука за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево кој рече дека од страна на ООУ „Св.Климент Охридски“ до Советот на Општина Делчево е доставено барање за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици, согласно 1 став 5 и 7 од Законот за основното образование. Во прилог на одлукава, ви е доставен и табеларен преглед за бројот на паралелки во ЦОУ, како и во подрачните училишта. Станува збор за вкупно 60 паралелки (49+5+6), исто како и лани, што значи нема потреба од ново финансирање. Доколку има прашања, повелете, истакна директорот.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Катица Трајкова Тасева која праша дали има долна граница за бројот на ученици во 1 паралелка?

Директорот рече дека неа долна граница, Законот дозволува да се формираат паралелки со помал број од законски утврдениот 24. за жал секоја година се намалува бројот на ученици.

Бидејќи никој друг не с ејави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше

ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе  Одлуката за давање согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

**Трета точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови“ -Делчево;**

Оваа точка ја образложи  Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево која истакна дека со донесувањето на новиот Закон за заштита на децата се јавила потреба од изменување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови“ -Делчево. Измените се одесуваат на воведување на нови зваша на работните места т.е. приправници негователи и приправници воспитувачи. Со изградбата на новиот објект на детската градинка и функционалната анализа, ќе се предвидат и други работни места.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Славица Димитрова која праша дали со овој Правилник се предвидуваат нови работни места или само измена на називите на работните места и дали ќе се прераспоредуваат веќе вработените луѓе во градинката?

Б.Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“ рече дека не се предвидени нови работни места.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе  Одлуката за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ „Весели Цветови“ -Делчево.

**Четврта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево која истакна дека овој Правилник е составен дел на претходниот правилник и се однесува на внатрешната организација на детската градинка. Истиот има и органограм од кој може да се види организациската структура и поставеност на градинката. Вкупниот број на работни места е 17.

Претседателот отвори расправа по ова аточка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

**Петта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за формирање на паралелки со помал број на ученици.**

Образлагач по оваа точка беше Љупчо Прачкоски-Директор на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево кој рече дека  во СОУ „М.М.Брицо“-Делчево, оваа година во трите уписни рока се запишале вкупно 112 ученици во прва година распоредени во 6 паралелки, а вкупниот број на ученици од прва до четврта година е 366. Бројот на паралелки останува ист како и лани 23. Она што е карактеристично секоја година веќе повеќе години station наназад е постојаното намалување на бројот на ученици ки се запишуваат во прва година и од тие причини ние како училиште бараме согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици (5+1) или вкупно 6 паралелки, од законски утврдениот  број на ученици25.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за формирање на паралелки со помал број на ученици.

**Шеста точка-Предлог-Одлука за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;**

Образложение по оваа точка поднесе Маријана Стоименовска заменик-директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево која истакна дека согласно член 41 став 5 и 7 од Законот за основно образование, заради намален број на ученици запишани во ООУ „Ванчо Прке“-Делчево бара согласност од Советот за основање на паралелки со помал број на ученици. Бројот на паралелки останува ист, што значи нема да има дополнителни финансиски импликации. Во прво оделение е зголемен бројот на запишани ученици, а вкупниот број изнесува 555 ученици и покажува минимален раст овие години. Инаку, повеќе од паралелките се со просек од 20 ученици, што за нас како училиште е задоволителен број имајќи го предвид трендот на постојано намалување на бројот на ученици насекаде во државата, рече директорката М.Стоименовска.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;

**Седма точка-Предлог-Одлука за давање согласнот на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за расходување и продажба на отпаден материјал;**

Точката ја образложи Маријана Стоименовска заменик-директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево која рече дека ООУ „Ванчо Прке“-Делчево има потреба од расходување и продажба на непотребен отпаден материјал (стари неупотребливи столчиња, клупи, делови од истите и старо железо, но бара согласност од Советот на Општина Делчево за да може да ја спроведе таа постапка. Продажбата на материјалот ќе ја изврши Комисија формирана од страна на УО на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево која претходно ќе изврши процена на материјалот.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Ванчо Велиновски кој рече дека за да се спроведе оваа постапка треба да с ераспише тендер.

Претседателот на Советот рече дека расходувањето и продажбата на материјалот треба да се спроведе согласно законските одредби и затоа предложи да се дополни член 1 со зборовите „согласно законот“, односно истиот да гласи:„Советот на Општина Делчево дава согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за расходување и продажба на отпаден материјал согласно законот“.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена и оваа одлука со предлогот за дополнување на член 1 даден од страна на претседателот на Советот, беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласнот на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за расходување и продажба на отпаден материјал;

**Осма точка-Предлог-Одлука за поддршка и ко-финасирање на проектот: "Изградба на придружни и услужни објекти на гробишта мртовечница-КАПЕЛА“ со ладилник и помошни простории“ во Делчево,**

**општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност;**

Образлагач по оваа точка беше Тони Стоименовски-Советник за Локален економски развој кој рече дека оваа точка била донесена пред 2 седници, но од Светска банка инсистираат сумата што треба да ја обезбеди Општината средства во висина од 5.511.501,11 да биде со пресметан ДДВ и затоа има потреба од измена на претходната одлука.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Славица Димитрова која праша кој ќе ја одржува и кој че стопанисува со капелата?

Тони Стоименовски рече дека откако ќе се изгради капелата ќе се донесат нови одлуки, но според правилата на Светска баанка бидејќи дел од средствата се грант, со капелата ќе управува Општината, а со неа ќе стопанисува јавното претпријатие во наредните 5 години. Потоа кој ќе стопанисува со неа, ќе се види и на кој начин ќе биде тоа (дали преку ЈПП или на др.начин).

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Ооштина Делчево ја донесе Одлуката за поддршка и ко-финасирање на проектот: "Изградба на придружни и услужни објекти на гробишта мртовечница-КАПЕЛА“ со ладилник и помошни простории“ во Делчево, општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност;

**Деветта точка- Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за изградба и усогласување на градска магистрална улица „Булевар Македонија“ во ГУП Делчево, Општина Делчево;**

Оваа точка ја образложи Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој рече дека оваа и наредната одлука се донесувани речиси пред една година. Бидејќи насловот на одлуката којашто била донесена лансакта година не е доволно јасен и прецизен, и поради сожеността на постапкатасе соочивме со проблем околу издавањето на потребна документација, затоа потребно е да се направи усогласување, односно се предлага одлука со овој наслов.Инаку, оваа Предлог Одлука се однесува на Урбанистичко проектна документација – Проект за инфраструктура за изградба и усогласување на градска магистрална улица – ( Булевар Македонија) во ГУП Делчево, општина Делчево.Планираната површина е со намена Е1 комунална инфраструктура ( сообраќајна инфраструктура) со површина од 5000- 5500 м2, а е опфатено со Измена и дополна на Детален урбанистички план за локалитет – Грамадна Делчево бр. 07-250 од 31.03.2003 година.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Славица Димитрова која праша зошто немало Комисија за урбнизам?

Дејан Георгиевски рече дека оваа и наредната одлука со материјалот биле доставени во петок и немало време за свикување на седница.

Драган Маневски рече дека оваа одлука практично значи создавање услови за издавање одобрение на инвеститорот за започнување на градба.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на ооштина Делчево ја донесе Одлуката за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за изградба и усогласување на градска магистрална улица „Булевар Македонија“ во ГУП Делчево, Општина Делчево;

**Десетта точка-Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за**

**инфраструктура за изградба и усогласување на профилот на собирна улица (Новопланирана 2) во ГУП Делчево, општина Делчево;**

Горан Петровски рече дека образложението и за оваа точка е речиси исто како за претходната, само што ова се однесува на Проект за инфраструктура за изградба и усогласување на профилот на собирна улица (Новопланирана 2) во ГУП Делчево, општина Делчево.Планираната површина е со намена Е1 комунална инфраструктура ( сообраќајна инфраструктура) со површина од 4000- 4500 м2 а опфатено со :

-Измена и дополна на Детален урбанистички план за локалитет – ГрамаднаДелчево 07-250 од 31.03.2003 година.
-Измена и дополна на Генерален урбанистички план ( ГУП) Делчево бр. 07-702/1 од 14.11.2008 за град Делчево.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за изградба и усогласување на профилот на собирна улица (Новопланирана 2) во ГУП Делчево, општина Делчево;

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за новопроектиран водоснабдителен систем во с.Звегор-општина Делчево;**

Образлагач по точката беше Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој рече дека оваа Предлог Одлука се однесува на изработка на Урбанистичко проектна документација – Проект за инфраструктура за новопроектиран водоснабдителен систем во с.Звегор – општина Делчево. Планираната површина е со намена Е1 комунална инфраструктура со површина од 51,16ха а опфатено со : Општ акт за с.Звегор бр. 09-788/1 од 25.04.2016 г. Донесен од совет на општина Делчево. Се однесува на пречистителната станица.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за новопроектиран водоснабдителен систем во с.Звегор-општина Делчево.

**Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за уредување на превозот во патниот сообраќај на подрачјето на општина Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Николина Петровска Мавродиева-Виш соработник за сообраќај и патишта која истакна дека оваа одлука се однесува на измена на одлуката за уредување на превозот на подрачјето на општина Делчево, во делот на линискиот превоз. Во членот 4 став 1 текстот „4 години“ се заменува со „5 години“. Во членот 2 на оваа одлука се дадени линиите на кои се обраќаат превозниците на ученици во Делчево. Друга измена е во ставот 4 пред зборот лиценца се додаваат зборовите „извод од“, а по зборот дозвола се додаваат зборовите „патен налог во оригинал“.Потоа, Во член 6 по ставот 5 се додаваат три нови става 6, 7, 8 кои гласат:
-Патничка линија е линија која покрај почетна и крајна станица има и повеќе попатни станици.
-Директна линија е линија која има само почетна и крајна станица без попатни станици.
-Брза линија е линија на која според одобрениот возен ред качување и слегување на патници се врши само во поголеми и позначајни населени места согласно одобрениот возен ред.
Ставот 6 станува став 9.
Во ставот 7 кој станува став 10 се додава една нова алинеја која гласи:
„- ценовник за превоз по патник идентичен со цените од Одлуката за тарифа за општински линиски превоз на патници.“

Ставовите 8, 9, 10, 11, 12 и 13 стануваат ставови 11, 12, 13, 14, 15 и 16.
Имајќи ги предвид измените на оваа одлука, образлагачот рече дека се задолжува Комисијата за комунални работи и сообраќај да утврди пречистен текст на Одлуката во соработка со Одделението за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај.

Претседателот отвори расправа по ова аточка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за уредување на превозот во патниот сообраќај на подрачјето на општина Делчево

**Тринаесетта точка-Прашања и предлози**

По оваа точка советниците дискутираа во врска со просторијата која треба да ја определи Советот на Општина Делечво како службена просторија за склучување брак на подрачјето на општина Делчево и се договорија координарторите на советничките групи ипретседателот на Советот да се состанат со Градоначалникот и одговорното лице на Службата за матична евиденциоја со цел да најдат најизводливо решение.

На 26.седница на Советот на Општина Делчево беа поставени следните прашања и предлози:

**Славица Димитрова, до Секторот за финансии**

1.Колку средства од Буџетот на Општина Делчево се исплатени во 2018 година на невладини здруженија, на кои невладини здруженија и во кој износ?

**Билјана Ѓеоргиевска, праша зошто не е преземено ништо во врска со нејзиниот предлог дџо ЈПКД „Брегалница", даден на 23.седница од 20.05.2019 година, а тоа е:**

1.ЈПКД „Брегалница" да ја откоси тревата на кејот на река Брегалница наспроти новата црква кај некогашниот градски пазар и кај детското повќенаменско игралиште во близина на Хотел „Македонија"!

2. Зошто нема поставено канти/корпи за отпад во централното градско подрачје поточно на ул.„Кеј на ослободување" и кога ќе бидат поставени? **(До Одделението за урбанизам)**

**Дејан Георгиевски**, **прашање до Одделението за урбанизам,** праша зошто не е одговорено на неговото прашање за уредување на сквер на ул. „Лика Чопова" поставено пред неколку седници и зошто не е постапено по Иницијативата од група граѓани која се однесува токму на ова прашање.

**Драган Маневски, предлог до Одделението за урбанизам, предложи**

1.Да се уреди потегот на ул. „Кеј на ослободување", од детскиот парк па до Градски стадион, согласно намената предвидена во ДУП за тоа подрачје.

**Сашко Ивановски, праша**

1. Дали и кога ќе се изврши прскање против комарци и од кои причини не е извршено досега?

Со исцрпувањето на дневниот ред, 26.седница на Советот на Општина Делчево заврши со работа во 15.50 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседаател,